февруари 2023

АРХИВСКИ БРОЈ:

# ЗАПИСНИК ОД ОДДРЖАН СОСТАНОК ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НАЦИОНАЛНА РУРАЛНА МРЕЖА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На ден 21.12.2022 година во Хотел Континентал се оддржа состанок за избор на членови и нивни заменици на Управен одбор на Национална рурална мрежа на Република Северна Македонија.
Состанокот и почетните процедури за состанокот започнаа во 10:30 часот.
Учесниците на состанокот пристигнуваа и се регистрираа на влезот од салата на состанокот. Регистрирањето на учесниците траеше и заврши во 12:15 часот.
По регистрирањето следеше поздравно обраќање од страна на Државниот советник за рурален развој од Министерството за Земјоделство, шумарство и водостопанство до присутните членови.
Откако се заврши со поздравното обраќање се пристапи кон воведно излагање од страна на секретаријатот на националната рурална мрежа и се започна со работниот дел од состанокот.
Работниот дел започна во 12:30 часот.
Според агендата се притапи кон формирање на организациски форми. Се формираа следните организациски форми и се утврди бројот на членови присутни по секоја организациска форма :

1. ЈАВЕН СЕКТОР, присутни 16 од 72 регистрирани членови
2. ГРАЃАНСКИ СЕКТОР, присутни 32 од 130 регистрирани членови
3. ПРАВНИ ЛИЦА, присутни 27 од 69 регистрирани членови
4. ЛАГ, присутни 6 од 10 регистрирани членови

Овој дел заврши во 13:00 часот.

Следува период на пауза.

После паузата се пристапи кон предлагање на кандидати за членови во Управниот одбор од секој вид на организациска форма.
I. Од организациската форма Јавен сектор се предложија следниве членови:


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Институт за сточарство - Даниела Беличовска
Научен институт за тутун Прилеп - Валентина Пеливанова
Општина Богданци
Општина Брвеница
Општина Конче

II. Од организациската форма Граѓански сектор се предложија следните членови:

Роберт Мојановски, Гордана Икономова, Роберт Донев, Љубиша Цветковиќ, Даниел Илиев, Менде Трајковски, Петар Ѓорѓиевски, Панче Арсовски, Елена Младеновска, Африм Сулејмани и Венче Билбилоски

III. Од организациската форма Правни лица се предложија следните членови:

Зорица Лалчевска, Александар Балтовски, Александар Димитриев, Кристијан Балески, Виктор Ангелески, Ѓорѓи Арнаудов, Љубе Пампулески, Дејан Петровски, Гоце Мирчески и Јорде Јованов

IV. Од организациската форма ЛАГ се предложија следниве членови:

Столе Ѓеорѓиев и Жаклина Пауновска

***После предлагањето се пристапи кон гласање по предлозите. Откако заврши гласањето по предлозите се утврдија избраните членови и нивни заменици.***

**I. Од Организациската форма Граѓански сектор се избрани следните членови и нивни заменици во управниот одбор:**
**1. Физички лица со дополнителна дејност земјоделство:**
Роберт Мојановски како член во Управен одбор, а за негов заменик Роберт Донев и Гордана Икономовска како член во Управен одбор, а за нејзин заменик Љубиша Цветковиќ.
**2. Здруженија и комори поврзани со земјоделство и рурален развој:**
Менде Трајковски (Пчеларско здружение НЕКТАР) како член во Управен одбор а за негов заменик Панче Арсовски (Ж`ТА Кавадарци) и
Петар Ѓорѓиевски (Мрежа за Рурален Развој) како член во Управен одбор а за негов заменик Елена Младеновска (Вина од Македонија)
**II. Од организациската форма Правни лица се избрани следните членови на мрежата за членови и нивни заменици во управниот одбор:**
**1. Трговски друштва:**
Кристијан Балевски (ДПТУ БАЛЕСКИ ОРГАНИК) како член во Управен одбор, а негов заменик Александар Балтовски (АД АГРОЛОЗАР)

**2. Земјоделски задруги:**
Љубе Пампулески (ЗЗ Крани) како член во Управен одбор, а за негов заменик Ѓорѓи Арнаудов (ЗЗ Јужен Бисер Плус).
**3. Индивидуален Земјоделец (ИЗ):**
ИЗ ПРО МЕД - Гоце Мирчески како член во Управен одбор, а за негов заменик ИЗ Јорде Јованов.
**III. Од организациската форма ЛАГ се избрани следните членови на мрежата за членови и нивни заменици во управниот одбор:**
Столе Ѓеорѓиев (ЛАГ ПЛАЧКОВИЦА) како член во Управен одбор, а за негов заменик Жаклина Пауновска (ЛАГ БРЕГАЛНИЦА).

Гласањето и изборот заврши во 14 часот.
По изборот се пристапи кон општа дискусија и забелешки од присутните.
Беа дадени следните забелешки: Немаше забелешки.

Состанокот заврши во 14:15 часот.

Секретаријат на Национална рурална мрежа:

1. Сашо Кутлешовски-член
2. др. Славица Михајловска-член
3. Стојан Гацов-член
4. Биљана Дамческа-член
5. Ѓорѓи Крстев-член
6. Боро Каевски-член


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015